Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PËRFAQËSIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 29-04-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| | 0302-138/1 | | |

Арх.знак/Shenja ark.
Рок на чување/Afati i ruajtjes 1 год
20__ год.-viti.
Потпис/Nënshkrim

[redacted]

**До**: Биро за застапување на Република Северна Македонија
пред Европскиот суд за човекови права
Ул. Димитрие Чиповски, бр. 9
1000 Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** [redacted], 1000 Скопје

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] административен асистент, [redacted] 1000 Скопје, [redacted] или [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

Начин на доставување на информацијата:

1) по пошта
2) телефон
3) факс

[redacted]

[redacted]

4) е-маил
5) друго ______________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 29.04.2022 година .** ____________________________________

[redacted]

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonise se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTESISE
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT
PARA GJYKATËS EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0302-138/2
10.05 2022 год.-viti
СКОПЈЕ / SHKUP

Министерството за правда – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права одлучувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 0302-138/1 од 29.04.2022 година во Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, поднесено од [redacted] 1000 Скопје, преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, [redacted], административен асистент, а врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр. 0302-138/1 од 29.04.2022 година, поднесено од [redacted] преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, [redacted], административен асистент се уважува.

## Образложение

[redacted] преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, [redacted], административен асистент се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето е доставено по електронска комуникација до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права на 29.04.2022 година. Барањето во Бирото е заведено под бр. 0302-138/1 од 29.04.2022 година.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа горенаведеното барање и констатираше дека Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е имател на следните побарани информации:

1. На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

Во однос на ова барање Ве известуваме дека во наведениот период од 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, во Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП нема вработени на кои им престанал работниот однос.

2. Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

Во однос на нови враборувања и преземања Ве известуваме за следново :

Во 2020 година, <u>по основ на јавен оглас</u>, Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП има 5 нови вработувања:

- <u>Виш соработник</u> за работа на предмети против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, Правни науки, најмалку 2 години работно искуство;
- <u>Виш соработник</u> за следење на праксата на Комитетот на министри, Правни науки, најмалку 2 години работно искуство;
- <u>Виш соработник</u> за изготвување на акциони планови и акциони извештаи, Правни науки, најмалку 2 години работно искуство;
- <u>Помлад соработник</u> за изготвување на акциони планови и акциони извештаи, Правни науки, со или без работно искуство;
- <u>Помлад соработник</u> за анализа на судска пракса на Европскиот суд за човекови права, Правни науки, со или без работно искуство;

Во текот на 2021 година, во Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП нема вработувања, ниту преземања.

Во првите 4 месеци од 2022 година, по основ на јавен оглас, Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП има 1 ново вработувања.

- <u>Помлад референт (архивар)</u>, Вишо, средно гимназиско образование или средно стручно образование - правен смер, со или без работно искуство.

Со вработувањата реализирани во 2020-та, и вработувањето во првиот квартал од 2022-ра година, Бирото има вкупно 7 вработени со статус административни службеници.

3. Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно) за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП, има склучено два авторски договори – договори за дело.

- Еден договор, првично склучен во 2019 година и од тогаш континуирано продолжуван до денес со лице (правник) ангажирано од страна на Бирото, во делот на застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.
- Еден договор, скучен во 2020 година и од тогаш континуирано продолжуван до денес со лице (економист) ангажирано од страна на Бирото, за пресметка на плати за сите вработени во Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

в.д Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,
м-р Даница Џонова